НАЦРТ

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весникна РМ” бр.5/02) член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ...11.2020 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2021 ГОДИНА

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Велес;
- Создавање услови за развој на културата;
- Воведување нови форми на културно изразување.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и целите поставени во Стратегијата за култура донесена од Советот на Општина Велес и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно – уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Велес;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата;

| Ред. бр. | I. МАНИФЕСТАЦИИ | РОК | НОСИТЕЛ | Министерство за култура | СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | ОПШТИНА ВЕЛЕС | ДР. ИЗВОРИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 58. Рацинови средби | 8-13 јуни | Општина Велеси Министерство за култура на РСМ | | 0,00 | 500.000,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| 2 | Moto beach party Мото бич парти | по утврден календар | Општина Велес и мото клубови | 0,00 | 0,00 | 60.000,00 | 0,00 | 60.000,00 |
| 3 | XVII Интернационален фолклорен фестивал | јули | Општина Велеси Министерство за култура на РМ | | 0,00 | 450.000,00 | 0,00 | 450.000,00 |
| 4 | Велешко културно лето (промоции на книги, изложби, концерти на отворено и др. културни содржини) | јули-септември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 500.000,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| 5 | XVII Фестивал на античка драма „Стоби“ | август - септември | Општина Велес и Министерство за култура на РМ | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 6 | Меѓународна скулпторска колонија | лето 2021 | Општина Велеси Министерство за култура на РМ | 0,00 | 0,00 | 400.000,00 | 0,00 | 400.000,00 |
| 7 | 9[ти] Ноември – Ден на Општина Велес | ноември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 8 | 54.Детски Рацинови средби | ноември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 90.000,00 | 0,00 | 90.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Денови на Кемал Ататурк | декември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| 10 | Изложба на домашни и странски уметници | тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| 11 | Промоција на книги на домашни и странски автори | ноември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 70.000,00 | 0,00 | 70.000,00 |
| 12 | Презентација на велешката култура во земјата и странство | тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| 13 | Одбележување на Нова Година – новогодишна свеченост, доделување награди | декември | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |
| 14 | Одбележување на годишнини и јубилеи на значајни настани и историски личности | Согласно Програма за значајни настани и личности | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 400.000,00 | 0,00 | 400.000,00 |
| 15 | Денови на Блаже Конески | | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 150 000,00 | 0,00 | 150 000,00 |
| 16 | Непредвидени манифестации | тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | | 3.820.000,00 | | 3.820.000,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **II. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците | Тековно | Општина Велес и ГО | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Сопствено учество во непредвидени проекти | Тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | 0 | 300.000,00 | 0 | 300.000,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **III. ИНВЕСТИЦИИ** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Градежни зафати за санирање на влага, дограма и ѕидови и репарирање на дрвенарија (столбови, чардак...) во спомен-куќите на ЈХК-Џинот и Касапови | 2021 год. | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 2 | Изработка и поставување постаменти за скулптури и споменици | 2021 год | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 250.000,00 | 0,00 | 250.000,00 |
| 3 | Поставување нови месинг плочи со имињата на загинатите борци во Спомен-костурница | 2021 | Општина Велес | 0,00 | | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 4 | Непредвидени трошоци | 2021 год. | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | | 1.350.000,00 | | 1.350.000,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **IV. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Комунални трошоци во Ликовен салон и спомен куќи | 2021 год. | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Тековно одржување на Ликовен салон и спомен куќи | 2021 год. | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |
| 3 | Средства за тековно работење на Градско кино | 2021 год. | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 1.000.000,00 | 0,00 | 1.000.000,00 |
| 4 | Поддршка на проекти и проектни активности на локални установи | 2021 год. | Општина Велес и ЛУ | 0,00 | 0,00 | 500.000,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| 5 | Трошоци за видео надзор на спомен куќи, Ликовен салон и др. објекти од областа на културата | тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | 0 | 2.000.000,00 | | 2.000.000,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **V. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес | тековно | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 |
| 2 | Објавување соопштенија за јавност,известувања и изработка на аудио и видео материјали за промотивни цели | по потреба | Општина Велес | 0,00 | 0,00 | 150.000,00 | 0,00 | 150.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | | | 0,00 | | 350.000,00 | | 350.000,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **VI. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Блок дотации од Министерство за култура на РСМ | / | Министерство за култура на РМ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | Приходи од самофинансирање во културата | / | ЛУ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | | | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **VII. ДРУГИ РАСХОДИ** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| 1 | Персонален данок | / | / | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 | 0,00 | 50.000,00 |
| 2 | ЗАМП | / | / | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 | 0,00 | 50.000,00 |
| 3 | Други договорни услуги | / | / | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 | 0,00 | 50.000,00 |
| 4 | Непредвидени трошоци | / | / | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | | | 0 | 250.000,00 | 0,00 | 250.000,00 |
| | | | | **Министерство за култура** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ** | **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | **ДР. ИЗВОРИ** | **ВКУПНО** |
| **СЕВКУПНО** | | | | | | **8.070.000,00** | | **8.070.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2021 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерство за култура на Република Северна Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

– Други извори.

## IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината. По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

За 9ти Ноември, Денот на Општина Велес се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на културата, спортот, свечена седница на Советот на Општина Велес и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

На свечената седница на Советот се доделуваат посебни награди и признанија:

- Награда за животно дело „Гемиџии“;
- Награда за најстудент „проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“;
- 9то ноемвриски признанија;

Горе наведените признанија се доделуваат од Општина Велес по утврдени критериуми, а се финансираат од посебна ставка на Буџетот на Општина Велес.

## VI. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

- Почесно покровителство на градот Велес;
- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации;
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, и ќе биде дадена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ќирил Гајдов с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Годишната програма за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка за 2021 година ќе се спроведува во две фази од која првата е Нацрт и ќе биде доставена на јавна расправа. Програмските содржини кои се планирани за 2021 година се детално опишани во текстуалниот и табеларниот преглед. Средствата за реализација на настаните и манифестациите ќе се покриваат од Буџетот на општината и други извори на приходи.